## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 13-и ставови (1) и (6) од Законот за Развојната банка на Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 105/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 77/21, 209/23 и 3/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јуни 2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИТЕТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Член 1

Со оваа одлука се формира Комитет за енергетска ефикасност (во натамошниот текст: Комитетот), во следниот состав:

- Катица Ристовска, на предлог на Министерството за финансии,
- Ениса Демеска, на предлог на Министерството за економија и труд,
- Перихан Тафиловска, на предлог на Министерството за животна средина и простормо планирање,
- Билјана Матевска, на предлог на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини,
- Виктор Калајџиски, на предлог на Развојна банка на Северна Македонија.

Член 2

Комитетот согласно Законот за Развојната банка на Северна Македонија ќе ги врши следните активности:

- донесува тригодишен план за работењето на Фондот за енергетска ефикасност и неговата одржливост,
- донесува годишен план за работењето на Фондот за енергетска ефикасност, за неговото портфолио со буџет и проценети трошоци за работење,
- најмалку еднаш годишно, најдоцна до крајот на првиот квартал од тековната година, врши оценка на остварувањето на годишниот план за работењето на Фондот за енергетска ефикасност за претходната година,
- одлучува за развој на постојните и воведување нови производи во рамките на Фондот за енергетска ефикасност,
- донесува одлука за одобрување кредити, гаранции и грантови од средствата на Фондот за енергетска ефикасност,
- одобрува полугодишен извештај за работењето на Фондот за енергетска ефикасност со состојба до 30 јуни во тековната година и годишен извештај за работењето на Фондот за енергетска ефикасност со состојба до 31 декември во тековната година,
- остварува соработка, консултации и размена на информации со други фондови за енергетска ефикасност и животна средина во рамките на Енергетската заедница и Европската Унија, како и меѓуинституционална соработка и вмрежување, особено со институциите чиишто претставници се членовите на Комитетот, со цел поефикасно реализирање на производите на Фондот за енергетска ефикасност,
- се грижи за одржливоста на Фондот за енергетска ефикасност на краток, среден и на долг рок,
- одобрува акциски планови и извештаи за мониторинг, следење и контрола на реализацијата на производите на Фондот за енергетска ефикасност,

- донесува интерни процедури и упатства за работењето на Фондот за енергетска ефикасност и

- доставува извештај до Министерството за финансии за износот на неповратните средства коишто треба да се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија, со цел да се надополнат неповратните средства за реализација на годишните планови со средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 3

На членовите на Комитетот им следува надоместок за извршената работа на месечно ниво, во износ од една десетина од просечната месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија.

Член 4

Исплатата на надоместокот од член 3 од оваа одлука, ја врши Развојната банка на Северна Македонија, од средствата на Фондот за енергетска ефикасност.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 57-5006/4
16 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.